tedQual UNWTO THEMIS
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ
СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
UNWTO AFFILIATE MEMBERS

*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Број 02-331/2*
*10.10.2018 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 94 став 1 алинеја 16 и 184 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018) Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 10.10.2018 година, ја донесе следната

***ОДЛУКА***
***за доделување на титула***
***ПОЧЕСЕН ДОКТОР (DOCTOR HONORIS CAUSA)***
***на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје***

1. На г-дин Мехмет Дурмаз, основач и извршен директор на компанијата "Emre Ltd'' од Анкара, Република Турција, му се доделува титула **ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ *(DOCTOR HONORIS CAUSA)*** на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради неговиот посебен придонес за развој на економијата во Република Македонија и високото образование во областа на економските науки.

2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

3. Одлуката со доделување на титулата **ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ *(DOCTOR HONORIS CAUSA)*** да се официјализира на Свечената церемонија на дипломирани и магистрирани студенти на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, што ќе се одржи на 28.10.2018 година во Македонска опера и балет.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 94 став 1 алинеја 16 и 184 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 82/2018) Сенатот на Универзитетот, на предлог на Економскиот факултет на Универзитетот, на седницата одржана на 10.10.2018 година, донесе одлука како во диспозитивот, земајќи го во предвид и ценејќи го досегашниот богат и разновиден професионален ангажман на г-дин Мехмет Дурмаз кој во кратки црти се огледа во следното:

Г-дин Мехмет Дурмаз дипломирал на Елетротехничкиот факултет на Унивезритетот во Анкара, Турција. Од 06.12.1972 година се вработува во Министерството за надворешни работи на Турција. На 25.07.1978 година бил назначен за Локален секретар на турскиот генерален конзулат во Лондон. Во 1993 година основал своја компанија "Emre Ltd.'' со седиште во Анкара. Компанијата денес има канцеларија за врски во Лондон, Англија. Како позначајни дејности и проекти на компанијата се изработка:

- Воени проекти,
- Проекти за Дирекцијата за безбедност,
- Проекти за одбранбен индустриски развој,
- Проекти за гасоводот од природен гас,
- Цивилни операции на БПЛА за Министерството за животна средина и шумарство,
- Проект за Соларна енергија во Република Македонија.

"Emre Ltd.'' во моментов ги претставува познатите компании од разни земји кои обезбедуваат воена опрема, материјали, гасни турбини, резервни делови и услуги за Турските вооружени сили, Дирекција за безбедност, Агенција за индустриски развој на одбраната. Исто така, поддржува некои турски компании за одбрана во нивните програми, како програмски менаџмент, консултации за техничка поддршка, и сл.

Г-дин Мехмет Дурмаз ја основал AVANGART Drying Technologies Ltd во 2007 година во ITOB Индустриската зона во градот Измир, нова фабрика за производство на иновативни многу брзи машини за сушење на дрво, машини за сушење на овошје и машини кои произведуваат храна за животни и риби и / или ѓубрива со користење на отпадот од риби, храна, отпадоци од фарма на животни и сите видови на отпад од земјоделството.

Исто така реализирал градежни објекти во Бодрум, управува со туризмот во туристички вили во Бодрум / Гумушлук и Гочек. Изградил училиште за основно образование во Бодрум/Гумушлук, кое го носи името на неговиот татко, и го донирал на државата. Во моментов, во Бодрум е во тек изградба на објект за геотермални хотели кој е во фаза на изградба. Овој објект ќе биде завршен во најскоро време.

Г-дин Мехмет Дурмаз како успешен интернационален менаџер во Република Македонија ќе го реализира проектот за соларна енергија, со кој во значителна мера ќе придонесе за развој на економијата во нашата држава. На Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, тој несебично ги пренесува своите искуства од бизнисот во сферата на економијата и високото образование, со што дава значителен придонес за развој на високото образование во областа на економијата.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР

проф. д-р Аце Миленковски

12 ГОДИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ЗНАЕЊЕТО 2006 - 2018
IACBE Educational Member
2015/16 Superbrands Macedonia's Choice
2013/14 Superbrands Macedonia's Choice